РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Бр./Nr. 04-9666/10
18 -07- 2025 20 год./vit
Скопје - Shkup

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), државниот секретар во Министерството за образование и наука, донесе

## ОДЛУКА
### за избор на кандидат по Интерен оглас број 05/2025 за унапредување на административен службеник во Министерстото за образование и наука

1. Кандидатот **Виолета Цинцароска,** по пат на интерен оглас број 05/2025 се избира за работно место УПР0101Б04000 Раководител на одделение за буџетска контрола, Одделение за буџетска контрола, Сектор за финансиски прашања– 1 извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 05/2025 со архивски број 04-9666/9 од 18.07.2025 година.
3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 19-6462/2 од 17.06.2025 година државниот секретар упати барање со архивски број 04-9666/1 од 07.07.2025 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерство за образование и наука. Секторот за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 05/2025 со архивски бр.04-9666/2 од 07.07.2025 година за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за образование и наука, објавен на ден 08.07.2025 година на веб страницата на Министерството и на веб страницата на Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, комисијата за унапредување на административни службеници, формирана од страна на државниот секретар во министерството за образование и наука со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со архивски број 04-9666/6 од 17.07.2025 година, направи административна селекција на пријавениот кандидат кој ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за образование и наука. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави

Записник од административната селекција за интерен оглас за број 05/2025 за унапредување на административен службеник со архивски бр.04-9666/7 од 18.07.2025 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на администратвен службеник на работно место од категорија Б со архивски бр. 04-9666/8 од 18.07.2025 година и изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 05/2025 со архивски бр.04-9666/9 од 18.07.2025 година.

Врз основа на ранг листа државниот секретар донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваната.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Елена Ивановска

Доставено до:
- именуваниот/та;
-Сектор за управување со човечки ресурси
- архива

Изготвил: Анчева Александра
Согласен: Славица Мирчевска Атовска